# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 70** **19 март 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1143. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за вештачење за време на вонредна состојба................... | 2 |
| 1144. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за правосудниот испит за време на вонредна состојба... | 2 |
| 1145. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за медијација за време на вонредна состојба................... | 2 |
| 1146. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредна состојба................... | 2 |
| 1147. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19................... | 3 |
| 1148. | **Одлука** за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица или наполица............. | 3 |
| 1149. | **Одлука** за забрана на продажба на одделни нафтени деривати............... | 3 |
| 1150. | **Одлука** за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало.......................................... | 4 |
| | **Огласен дел**..................................... | 1-12 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1143.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 19 март 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За полагање на испитот за вештачење за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Полагањето на испитот за вештаци, се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2359/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1144.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За полагањето на правосудниот испит за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Полагањето на правосудниот испит кое треба да се спроведе согласно Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19), се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Полагањето на правосудниот испит кое е започнато до 1 јануари 2020 година, а кое треба да се спроведе согласно Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 153/15), се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2360/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1145.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана, на 19 март 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За полагање на испитот за медијатори за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Полагањето на испитот за медијатори се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2361/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1146.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За полагање на нотарскиот испит за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Полагањето на нотарскиот испит, се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2367/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1147.**

Врз основа на член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Репбулика Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНАВИРУС COVID-19**

Член 1

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20 и 66/20), во членот 1 по точката 23. се додаваат три нови точки 24., 25. и 26. кои гласат:

„24. Се забранува одржување на наставата и спроведувањето на обуките и испитите во испитните центри од страна на школите за обука за возачи.

25. Се забранува пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, секој ден, во период од 18.00 часот до 6:00 часот наредниот ден.

26. Се забранува собирање во група на повеќе од пет лица, во паркови и на други јавни места и јавни површини.“

Член 2

Во членот 2, во став 1 „ точката “ на крајот од реченицата се заменува со „ запирка“ и се додаваат зборовите:

„како и мерката број 24., која ќе се применува 14 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.“

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2147/5
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1148.**

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија “ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ПЧЕНИЦА И НАПОЛИЦА И БРАШНО ОД ПЧЕНИЦА ИЛИ НАПОЛИЦА**

Член 1

Со оваа одлука се ограничува извозот на пченица и наполица со тарифните ознаки 1001 19 00 00, 1001 91 90 00 и 1001 99 00 00 и брашно од пченица или наполица со тарифна ознака 1101 00.

Член 2

Ограничувањето на извозот од член 1 на оваа одлука ќе се применува до 30 април 2020 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2346/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1149.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 5 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15,53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАБРАНА НА ПРОДАЖБА НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

Член 1

На правните и физичките лица кои вршат трговија на нафтени деривати на мало им се забранува да вршат промет на масло за горење екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m), на бензинските станици во периодот од 15 април до 15 октомври 2020 година.

На производителите, трговците на големо и увозниците со нафтени деривати им се забранува да вршат продажба на масло за горење екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m), на трговците на мало (бензинските станици), во периодот од 15 април до 15 октомври 2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува со сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2357/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**1150.**

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоки цени во трговијата на големо и трговијата на мало на: леб, сол, шеќер, зејтин, млеко и млечни производи, јајца, брашно, месо, тестенини, лекови, лична заштитна опрема, средства за лична хигиена и дезифекциони средства.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените на истите кои се применувале на 11 март 2020 година, кога од страна на Светската Здравствена Организација е прогласена пандемија на Коронавирусот COVID-19.

Член 2

Највисоките цени на производите од член 1 на оваа одлука ќе се применуваат до 30 април 2020 година.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на највисоки цени во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/20).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2358/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2020070